# *СЛУЖБЕН ГЛАСНИК*
# *НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО*


| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Пехчево** | **Среда 27.05.2026 год.** | **Уредува: Душко Миовски** |
| **Излегува по потреба Гласникот е бесплатен** | **Број 5 - Година 2026** | **Општина Пехчево тел. (033) 441-321** |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на актите од Советот на општина Пехчево**

Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пехчево на 8-та седница одржана на ден 27.05.2026 година, во Службен Гласник на општина Пехчево и тоа:

1. Јавен повик за пријавување на лица за член на управен одбор во ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево;
2. Одлука за формирање комисија за селекција за проверка на податоци по јавен повик за членови на управен и надзорен одбор во ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево;
3. Одлука за редовно ажурирање на ,,Процена на загрозеност на подрачјето на општина Пехчево од сите ризици и опасности,,;
4. Одлука за определување на висината на надоместокот за добивање лиценца за вршење угостителска дејност во кабаре, ноќен бар, дискоклуб и дискоклуб на отворен простор;
5. Одлука за давање согласност на годишен план за вработување во ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево за 2027 година;
6. Одлука за усвојување на Иницијатива за изготвување на Локален акционен план за животна средина (ЛЕАП) на Општина Пехчево;
7. Одлука за усвојување на тримесечен извештај за финансиското работење на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за период од 01.01.2026 год. до 31.03.2026год;
8. Одлука за усвојување на општински енергетски план на општина Пехчево за 2027 година;
9. Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти;
10. Одлука за усвојување на измена на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Пехчево за 2026 година;

**11.** Одлука за прифаќање на иницијатива за отпочнување на постапка за изработка на Урбанистичко планска документација Урбанистички Проект вон опфат на Урбанистички план, со намена А4.7 – Традиционални куќи за потреби на туризмот;

**12.** Одлука за давање на времено користење недвижна ствар - просторија на ОЈУДГ „7 Септември„ во с.Црник;

Бр. 09-723/1 Општина Пехчево
27.05.2026 год. Градоначалник
Пехчево Александар Китански с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Јавен повик за пријавување на лица за член на управен одбор во ЈКП „Комуналец„ - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Јавен повик за пријавување на лица за член на управен одбор во ЈКП „Комуналец„ - Пехчево, што советот на општина Пехчево го донесе на 8-та седница одржана на ден 27.05.2026 година.

Бр. 09-723/2 | Општина Пехчево
27.05.2026 год. | Градоначалник
Пехчево | Александар Китански с.р

Во согласност со одлуката на Владата за што поголема транспарентност и отчетност на органите на државната управа и јавните претпријатија, а практикувајќи ги европските вредности и член 17-а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Р.М.бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), Советот на општина Пехчево, во својство на основач на претпријатието, објавува

**ЈАВЕН ПОВИК**

**за пријавување на лица**

- за член на Управен одбор во ЈКП „Комуналец” Пехчево (едно лице);

Кандидатот за член на Управниот одбор мора да ги исполнува следниве услови:

- е државјанин на Република Северна Македонија,
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност

Освен овие услови, членот на управниот одбор во јавното претпријатие треба да има најмалку пет години работно искуство од кои:

- најмалку еден член на управниот одбор со работно искуство од областа на финансиско работење или
- најмалку еден член на управниот одбор со работно искуство од областа на правните работи

Времетраење на мандат: четири години, со право на уште еден последователен мандат.

Се поттикнуваат кандидатите што ги исполнуваат наведените услови, покрај наведените законски потребни документи, да достават соодветно мотивациско писмо (во слободна форма) и кратко CV (кратка биографија) во затворен плик со назнака „НЕ ОТВОРАЈ - ЗА ЈАВЕН ПОВИК

ЗА ЧЛЕН НА УПРАВЕН ОДБОР ВО ЈКП КОМУНАЛЕЦ ПЕХЧЕВО„ во Архивата на Општина Пехчево, во рок од 5 дена од објавувањето на овој повик.

Комисијата за селекција за проверка на податоци по јавниот повик, по пат на административна селекција и интервју, подготвува и доставува предлог листа од најдобро рангираните кандидати до Советот на општина Пехчево.

Советот на општина Пехчево во рок од 15 дена од доставувањето на предлогот, ќе изврши соодветен избор од предложените кандидати и ќе донесе одлука за именување на член на Управен одбор во ЈКП „Комуналец" Пехчево.

Јавниот повик ќе биде објавен на веб-страната на општина Пехчево, огласната табла на општина Пехчево и веб-страната на ЈКП „Комуналец" Пехчево.

Бр. 08-710/1
27.05.2026 год.
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Миле Гошевски с.р.

---

ПРИЛОГ

Образец за пријавување на јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен/надзорен одбор на јавно претпријатие

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Назив и седиште на јавното претпријатие | |
| 2. | Име и презиме | |
| 3. | Место на живеење (улица и број) | |
| 4. | Телефон за контакт | |
| 5. | Е-маил/e-mail | |
| 6. | Кратка биографија | |
| 7. | Уверение за државјанство | |
| 8. | Уверение или диплома за завршено високо образование | |
| 9 | Доказ за соодветно работно искуство наведено во јавниот повик (потврда од ФПИОСМ за евидентиран стаж) | |
| 10. | Сертификати, лиценци, уверенија, дипломи издадени од овластени, односно акредитирани институции за нивно издавање согласно закон | |
| 12. | Потврда дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност | |

Датум Потпис на подносителот

| Пополнува примачот на пријавата | |
|---|---|
| Архивски број на пријавата | |
| Датум на прием на пријавата<br><br>____________________ година | Потпис и печат<br><br>____________________ |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за формирање комисија за селекција за проверка на податоци по јавен повик за членови на управен и надзорен одбор во ЈКП „Комуналец„ - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за формирање комисија за селекција за проверка на податоци по јавен повик за членови на управен и надзорен одбор во ЈКП „Комуналец„ - Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на 8-та седница одржана на ден 27.05.2026 година.

Бр. 09-723/3 — Општина Пехчево
27.05.2026 год. — Градоначалник
Пехчево — Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локалната самоуправа (Сл. весник на Р.М бр.05/2002), и член 31 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), член 17-а став 2 од Законот за јавните претпријатија (Сл.Весник на РМ бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Сл.Весник на РСМ“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 27.05.2026 година донесе

**О Д Л У К А**

**за формирање комисија за селекција за проверка на податоци по јавен повик за членови на управен и надзорен одбор во ЈКП „Комуналец„ - Пехчево**

**Член 1**

Се формира комисија за селекција за проверка на податоци по јавен повик за членови на управен и надзорен одбор во ЈКП „Комуналец„ - Пехчево.

**Член 2**

Комисијата е во следниот состав:

- Душко Миовски – претседател; Моника Шехтанска Миовска – заменик претседател, вработени во општината;
- Марија Ризовски – член; Елица Јовевска – заменик член, вработени во организациона единица за управување со човечки ресурси во општината;
- Марија Милевска Деспотовска – член; Сања Гајдуринска Касмска – заменик член, вработени во ЈКП „Комуналец„ - Пехчево;

**Член 3**

Комисијата има за задача:

- да изврши селекција (проверка на внесените податоци во пријавата со условите утврдени во јавниот повик, проверка на доставените докази и нивно бодување);
- да спроведе интервју со кандидатите кои успешно ја поминале административната селекција;

- да достави до Совет на општина Пехчево ранг листа од најдобро рангирани кандидати за членови на управен и надзорен одбор.

**Член 4**

Советот на општина Пехчево најдоцна 15 дена од денот на приемот на ранг листата со најдобро рангирани кандидати ќе донесе Одлука за именување на членови во управен и надзорен одбор во ЈКП „Комуналец„ - Пехчево.

**Член 5**

Одлуката стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пехчево.

Бр. 08-711/1
27.05.2026 год.
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Миле Гошевски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за редовно ажурирање на „Процена на загрозеност на подрачјето на општина Пехчево од сите ризици и опасности,,**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за редовно ажурирање на „Процена на загрозеност на подрачјето на општина Пехчево од сите ризици и опасности, што советот на општина Пехчево ја донесе на 8-та седница одржана на ден 27.05.2026 година.

Бр. 09-723/4 — Општина Пехчево
27.05.2026 год. — Градоначалник
Пехчево — Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 алинеја 15 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002) и член 14 став 1 од Уредбата за Методологија за изработка на проценета за загрозеноста на безбедноста на Р.Македонија од сите ризици и опасности (Сл. Весник на РМ бр.13/2011) и член 30 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл.гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 27.05.2026 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за редовно ажурирање на „Процена на загрозеност на подрачјето на општина Пехчево од сите ризици и опасности,,**

Член 1

Советот на општина Пехчево го задолжува Регионалниот центар за управување со кризи Берово да ги започне активностите за редовно ажурирање на „Процена на загрозеност на подрачјето на општина Пехчево од сите ризици и опасности,,.

Член 2

Одлуката стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пехчево.

Бр. 08-712/1 — Совет на општина Пехчево
27.05.2026 год. — Претседател
Пехчево — Миле Гошевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за определување на висината на надоместокот за добивање лиценца за вршење угостителска дејност во кабаре, ноќен бар, дискоклуб и дискоклуб на отворен простор**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за определување на висината на надоместокот за добивање лиценца за вршење угостителска дејност во кабаре, ноќен бар, дискоклуб и дискоклуб на отворен простор, што советот на општина Пехчево ја донесе на 8-та седница одржана на ден 27.05.2026 година.

Бр. 09-723/5 Општина Пехчево
27.05.2026 год. Градоначалник
Пехчево Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24) и член 21 од Законот за угостителска дејност ("Службен весник на РМ" број 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16 и „Службен весник на РСМ" бр. 31/20 и 16/25), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 27.05.2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за определување на висината на надоместокот за добивање лиценца за вршење угостителска дејност во кабаре, ноќен бар, дискоклуб и дискоклуб на отворен простор**

**Член 1**

Со оваа одлука се определува висината на надоместокот што сопствениците на угостителски објекти од типот кабаре, ноќен бар, дискоклуб и дискоклуб на отворен простор се должни да го платат за добивање лиценца за вршење угостителска дејност.

**Член 2**

За добивање на лиценцата угостителот е должен да поднесе барање за издавање на лиценца на образец за платен надоместок до Министерството за економија и труд за давање услуги. Висината на надоместокот изнесува:

- За кабаре: 5.000 евра во денарска противвредност

- За ноќен бар: 7.000 евра во денарска противвредност
- За дискоклуб: 7.500 евра во денарска противвредност
- За дискоклуб на отворен простор: 7.500 евра во денарска противвредност

**Член 3**

Надоместокот 50% се уплатува на сметка на општината, а 50% се уплатува во Буџетот на РСМ во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на РСМ на денот на уплатата. Средствата од надоместокот се приход на Буџетот на Општина Пехчево и се користат за развој на локалната инфраструктура и поддршка на културни и јавни активности.

**Член 4**

Одлуката стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пехчево.

Бр. 08-713/1
27.05.2026 год.
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Миле Гошевски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за давање согласност на годишен план за вработување во ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за 2027 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за давање согласност на годишен план за вработување во ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за 2027 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 8-та седница одржана на ден 27.05.2026 година.

Бр. 09-723/6 — Општина Пехчево
27.05.2026 год. — Градоначалник
Пехчево — Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), а во врска со член 20-б став 1 алинеја 3 од Законот за вработените во јавниот сектор, (Сл.Весник на РМ бр.27/14, 199/14, 27/16, 198/18 и Сл.Весник на РСМ бр. 143/19, 14/20 и 208/24), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 27.05.2026 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на годишен план за вработување во ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за 2027 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево дава согласност на годишниот план за вработување во ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево за 2027 година.

**Член 2**

Годишниот план за вработување во ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево за 2027 година бр. 01-164/1 од 06.05.2026 година, е составен дел од оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр. 08-714/1 — Совет на општина Пехчево
27.05.2026 год. — Претседател
Пехчево — Миле Гошевски с.р.

---

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ООУ ВАНЧО КИТАНОВ
Бр. 01-164/1
06.05. 20 26 год.
ПЕХЧЕВО

Прилог бр.1

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ЗА 2027 ГОДИНА НА ООУ„ВАНЧО КИТАНОВ“ ПЕХЧЕВО

| | |
|---|---|
| БР. И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ.: | 01-164/1<br>06.05.2026 година |

| | |
|---|---|
| ИНСТИТУЦИЈА: | ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ВАНЧО КИТАНОВ“-ПЕХЧЕВО |
| ЗА ГОДИНА: | 2027 |
| ЕМБС НА ИНСТИТУЦИЈАТА: | 4041305 |
| ЕДБ НА ИНСТИТУЦИЈАТА: | 4001978101390 |
| ДАТУМ НА ПОДГОТОВКА: | 05.05.2026 |

| | Име и презиме | Потпис |
|---|---|---|
| Подготвил:<br>(го потпишува на датумот на подготовка) | ЕЛЕНА МИХАИЛОВА | |
| Одобрил:<br>(го потпишува на датумот на подготовка) | ДОБРИЛА ЈОВЕВСКА | |
| **РАКОВОДНО ЛИЦЕ НА ИНСТИТУЦИЈАТА:**<br>(го потпишува на датумот на подготовка и на датумот на донесување) | ДОБРИЛА ЈОВЕВСКА | |

## ДЕЛ 1. ТЕКОВНА СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ИНСТИТУЦИЈАТА

***Табела 1.*** *Моментална состојба со број на вработени лица во институцијата*

| Опис | ВКУПНО | Административни службеници | Овластени Службени лица | Даватели на Услуги (носители на дејност | Помошно Технички лица |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупен број вработени во институцијата** (на датумот на пополнување на годишниот план) | 15 | 2 | | | 13 |

## ДЕЛ 2. ПЛАНИРАНИ ДВИЖЕЊА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ИНСТИТУЦИЈАТА ВО СЛЕДНАТА ГОДИНА

***Табела 1.** *Планирано пополнување на работни места преку (пре)распоредување на вработените во институцијата на исто ниво (хоризонтална мобилност)*

| | | | |
|---|---|---|---|
| Дали планирате пополнување на празни/непополнети работни места преку распоредување на вработените во рамките на институцијата, заклучно со 31 декември следната година? *(заокружете)* | | ДА | НЕ |
| Доколку одговорите со ДА, наведете го вкупниот број на непополнети работни места кои планирате да ги пополните преку распоредување во рамките на институцијата: *(наведете број)* | | | |
| Наведете ги работните места кои планирате да ги пополните преку (пре)распоредување: | | | |

| р. бр. | работно место (шифра и назив) | Организациона единица (Сектор/Служба) | кратко образложение на причините |
|---|---|---|---|
| 1. | | | |
| 2. | | | |
| 3. | | | |
| 4. | | | |
| 5. | | | |

***Табела 2.** Планирано пополнување на работни места преку унапредување во следната година***

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Дали планирате пополнување на работни места преку унапредување на вработените во рамките на институцијата, заклучно со 31 декември следната година? *(заокружете)* | | | | ДА | НЕ |
| Доколку одговоривте со ДА, наведете го вкупниот број на работни места кои планирате да ги пополните преку унапредување во рамките на институцијата: *(наведете број)* | | | | | |
| Наведете ги работните места кои планирате да ги пополните преку интерен оглас: | | | | | |
| р. бр. | работно место (шифра и назив) | Организациона единица (Сектор/Служба) | кратко образложение на причините | | |
| 1. | | | | | |
| 2. | | | | | |
| 3. | | | | | |
| 4. | | | | | |
| 5. | | | | | |

* ***Во Делот 2 Табелите 1 и 2 институциите ги пополнуваат само доколку располагаат со потребните податоци во моментот на пополнување***

## ДЕЛ 3. ПЛАНИРАНО НАМАЛУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ИНСТИТУЦИЈАТА ВО СЛЕДНАТА ГОДИНА

***Табела 1.*** *Планирано заминување на вработени од институцијата по основ на пензионирање*

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Дали се планирани пензионирања на вработени од вашата институција заклучно со 31 декември следната година? *(заокружете)* | | | ДА | **<u>НЕ</u>** |
| Доколку одговорите со ДА, наведете го вкупниот број на вработени кои ќе се пензионираат: *(наведете број на лица кои навршуваат 64 години)* | | | | |
| Наведете ги работните места кои ќе се испразнат по основ на пензионирање: | | | | |
| р.бр. | работно место (шифра и назив) | Организациона единица (Сектор/Служба) | <u>Основ на заминување-пензионирање</u> (наведете датум на престанок на работниот однос) | |
| 1. | | | | |
| 2. | | | | |
| 3. | | | | |
| 4. | | | | |
| 5. | | | | |

***Табела 2.** Планирано заминување на вработени од институцијата по други основи***

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Дали се планирани заминувања на вработени од вашата институција по други основи заклучно со 31 декември следната година? *(заокружете)* | | | ДА | НЕ |
| Доколку одговорите со ДА, наведете го вкупниот број на вработени кои ќе заминат од институцијата: *(планираниот број)* | | | | |
| Наведете ги работните места кои ќе се испразнат по други основи: | | | | |

| р.бр. | работно место (шифра и назив) | Организациона единица (Сектор/Служба) | Друг основ на заминување: (наведете ја причината/основот за престанок на работниот однос) | датум на престанок на работниот однос |
|---|---|---|---|---|
| 1. | | | | |
| 2. | | | | |
| 3. | | | | |
| 4. | | | | |
| 5. | | | | |

* *Во Делот 3 Табелата 2 институциите ја пополнуваат само доколку располагаат со потребните податоци во моментот на пополнувањето*

***Табела 3.*** *Вкупен број на вработени кои се планира да заминат од институцијата (пензионирање и други основи) во следната година*

| Опис | ВКУПНО | Административни службеници | Овластени службени лица | Даватели на услуги (носители на дејноста) | Пом ошно технички лица |
|---|---|---|---|---|---|
| **Планирани заминувања во следната година** (заклучно со 31 декември следната година) | 0 | / | / | / | / |

## ДЕЛ 4. ПЛАНИРАНО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ИНСТИТУЦИЈАТА ВО СЛЕДНАТА ГОДИНА (НОВИ ВРАБОТУВАЊА)

***Табела 1.*** *Планирано пополнување на работни места преку нови вработувања на неопределено време (трајно) на јавен оглас*

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Дали имате потреба од нови вработувања на неопределено време во вашата институција заклучно со 31 декември следната година? *(заокружете)* | | | ДА | НЕ |
| Доколку одговорите со ДА, наведете го вкупниот број на планирани нови вработувања на неопределено време: *(наведете број)* | | | | |
| Наведете ги работните места за кои планирате да бидат пополнети со нови вработувања на неопределено време: | | | | |
| р.бр | работно место (шифра и назив) | Организациона единица (Сектор/Служба) | Кратко образложение на причините (зголемен обем на работа или надлежност на институцијата, поделба или други организациони промени во институцијата, пензионирања или друг одлив на кадар и друго) | Наведете колкав буџет ќе биде потребен за плата на новиот вработен во следната година (наведете во денари) |
| 1. | | | | |
| 2. | | | | |
| 3. | | | | |
| 4. | | | | |
| 5. | | | | |

***Табела 2.** Планирано пополнување на работни места преку нови вработувања на определено време (времени вработувања)*

| Дали имате потреба од нови вработувања на определено време во вашата институција заклучно со 31 декември следната година? *(заокружете)* | | | | | ДА | <u>НЕ</u> |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Доколку одговорите со ДА, наведете го вкупниот број на планирани нови вработувања на определено време: *(наведете број)* | | | | | | |
| Наведете ги работните места на кои планирате нови вработувања на определено време: | | | | | | |
| р.бр | работно место (шифра и назив) | Организациона единица (Сектор/Служба) | <u>Кратко образложение на причините</u> (зголемен обем на работа или надлежност на институцијата, поделба или други организациони промени во институцијата, пензионирања или друг одлив на кадар и друго) | Број на месеци во следната година за кои се планира да се исплаќа плата на новиот вработен. (наведете број) | Износ на буџет потребен за плата на новиот вработен во следната година. (наведете во денари) | |
| 1. | | | | | | |
| 2. | | | | | | |
| 3. | | | | | | |
| 4. | | | | | | |
| 5. | | | | | | |

***Табела 4.*** *Вкупен број на планирани нови вработувања (неопределено време, определено време и преземања од други институции) во институцијата во следната година*

| Опис | ВКУПНО | Административни службеници | Овластени службени лица | Даватели на услуги (носители на дејноста) | Помошно Технички лица |
|---|---|---|---|---|---|
| Планирани нови вработувања во следната година (заклучно со 31 декември следната година) | 0 | / | / | / | / |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за усвојување на Иницијатива за изготвување на Локален акционен план за животна средина (ЛЕАП) на Општина Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на Иницијатива за изготвување на Локален акционен план за животна средина (ЛЕАП) на Општина Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на 8-та седница одржана на ден 27.05.2026 година.

Бр. 09-723/7 Општина Пехчево
27.05.2026 год. Градоначалник
Пехчево Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24) и член 30 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 27.05.2026 година донесе:

**ОДЛУКА**
**за усвојување на Иницијатива за изготвување на Локален акционен план за животна средина (ЛЕАП) на Општина Пехчево**

**Член 1**

Се усвојува Иницијативата за изготвување на Локален акционен план за животна средина (ЛЕАП) на Општина Пехчево за периодот 2026–2031, доставена од Градоначалникот на Општина Пехчево.

**Член 2**

Советот на Општина Пехчево донесува Одлука за формирање Локален комитет за изработка на ЛЕАП, кој ќе биде составен од претставници на Советот, општинската администрација, јавните претпријатија, невладини организации и други релевантни чинители.

**Член 3**

Локалниот комитет е задолжен да ја спроведе постапката за подготовка на ЛЕАП во согласност со Законот за животна средина и утврдената методологија, како и да обезбеди учество на јавноста во процесот.

**Член 4**

Примерок од оваа Одлука да се достави до:

- Градоначалник на Општина Пехчево
- Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина
- Одделение за локален економски развој (ЛЕР)

**Член 5**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

| | |
|---|---|
| Бр. 08-715/1 | Совет на општина Пехчево |
| 27.05.2026 год. | Претседател |
| Пехчево | Миле Гошевски с.р. |

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за усвојување на тримесечен извештај за финансиското работење на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за период од 01.01.2026 год. до 31.03.2026год**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на тримесечен извештај за финансиското работење на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за период од 01.01.2026 год. до 31.03.2026год, што советот на општина Пехчево ја донесе на 8-та седница одржана на ден 27.05.2026 година.

Бр. 09-723/8 — Општина Пехчево
27.05.2026 год. — Градоначалник
Пехчево — Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/02 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24) и член 30 став 1 точка 29 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 27.05.2026 година донесе:

**О Д Л У К А**

**За усвојување на тримесечен извештај за финансиското работење на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за период од 01.01.2026 год. до 31.03.2026год.**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево го усвојува тримесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за период од 01.01.2026 год. до 31.03.2026 год.

**Член 2**

Тримесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за период од 01.01.2026 год. до 31.03.2026 год. бр. 01-253/1 од 23.04.2026 година, е составен дел од оваа Одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен Гласник на општина Пехчево.

Бр. 08-716/1 — Совет на општина Пехчево
27.05.2026 год. — Претседател
Пехчево — Миле Гошевски с.р.

---

**ВОВЕД**

Овој финансиски извештај на ЈКП Комуналец-Пехчево се однесува на периодот од јануари - март 2026 година и има за цел да обезбеди систематски преглед на финансиското работење, приходите, расходите и вкупната економска ефикасност на претпријатието. Како јавно претпријатие, нашата обврска е да обезбедиме транспарентност, отчетност и рационално користење на јавните средства во согласност со законските и регулаторните рамки.

Извештајот е подготвен согласно со националните сметководствени стандарди и ги вклучува клучните финансиски податоци и анализи кои се релевантни за носење на информирани одлуки од страна на основачот, управните тела и останатите засегнати страни. Дополнително, извештајот содржи споредбени податоци со претходниот период, како и образложенија за евентуалните отстапувања или финансиски предизвици.

Целта на овој извештај е не само да ја прикаже тековната финансиска состојба, туку и да помогне во подобро планирање и управување со ресурсите, во насока на исполнување на јавниот интерес и унапредување на услугите кои ги нуди претпријатието.

***1.2 Приходи***

| ВИД НА ПРИХОД | 2026 | 2025 |
|---|---:|---:|
| **ПРИХОДИ ОД ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА** | | |
| Производство и дистрибуција на вода физ. лица Пехчево | 924.460 | 1.393.010 |
| Производство и дистрибуција на вода физ. лица Робово | 150.662 | 123.639 |
| Производство и дистрибуција на вода физ. лица Умлена | 97.775 | 125.468 |
| Производство и дистрибуција на вода физ. лица Чифлик | 83.261 | 143.484 |
| Производство и дистрибуција на вода физ. лица Негрево | 29.967 | 51.131 |
| Производство и дистрибуција на вода правни лица | 577.848 | 413.094 |
| Производство и дистрибуција на вода штали | 11.681 | 22.795 |
| Приходи од месечен фиксен надоместок | 255.021 | 251.460 |
| Приходи од канализација физ. лица Пехчево | 426.052 | 591.504 |
| Приходи од канализација физ. лица Робово | 53.395 | 43.472 |
| Приходи од канализација физ. лица Умлена | 42.693 | 52.158 |
| Приходи од канализација физ. лица Чифлик | 36.937 | 40.834 |
| Приходи од канализација правни лица | 128.028 | 95.103 |
| Приходи од делови и поправки на водов. и канал. мрежа | 54.272 | 48.228 |
| Приходи од нови приклучоци | 24.750 | 6.500 |
| Приходи од обновување на приклучоци | 2.750 | |
| **Вкупно:** | **2.899.552** | **3.401.880** |
| Отпремување на отпад физ. лица Пехчево | 437.580 | 433.670 |
| Отпремување на отпад физ. лица Робово | 29.040 | 29.040 |
| Отпремување на отпад физ. лица Умлена | 27.600 | 27.600 |
| Отпремување на отпад физ. лица Чифлик | 27.360 | 25.920 |
| Отпремување на отпад физ. лица Негрево | 7.560 | 7.560 |
| Отпремување на отпад физ.лица Панчарево | 23.850 | 24.750 |
| Отпремување на отпад физ. лица Црник | 69.000 | 71.250 |
| Отпремување на отпад правни лица | 344.374 | 352.584 |
| Собирање и складирање на е-отпад | / | 2.640 |
| **Вкупно:** | **966.364** | **975.014** |
| **ПРИХОДИ ОД ГРОБИШТА** | | |

| | | |
|---|---|---|
| Приходи од одржување на гробишта | 154.700 | 154.350 |
| Приходи од продажба на гробно место | 55.000 | 40.000 |
| Приходи од Оператор на гробишта | 11.900 | / |
| Приходи од Каменорезач на гробишта | 69.100 | 2.000 |
| **Вкупно:** | **290.700** | **196.350** |
| **ПРИХОДИ ОД МЕХАНИЗАЦИЈА** | | |
| Приходи од ЈЦБ | 279.113 | 83.900 |
| Приходи од трактор | 3.000 | / |
| **Вкупно:** | **282.113** | **83.900** |
| Приходи од нотарски решенија, извршување и судење | 31.844 | 17.859 |
| Приходи од пазаришни тезги и резервации | 15.005 | 28.428 |
| Приходи од Договор за зимско одржување со Општина Пехчево | 143.030 | 308.290 |
| **Вкупно останати приходи** | **189.879** | **354.579** |
| **ЗБИР НА ПРИХОДИ** | **4.628.608** | **5.011.723** |

Од прегледот на приходите по одделенија, детално може да се види структурата на приходите за 2026 и 2025 година одделно по ставки.

Вкупните приходи во претпријатието, истиот пресметковен период се намалени.

Приходите од собирање на отпад се намалени исто така во однос на истиот период минатата година.

Зголемување на приходите имаи од механизацијата како и во одделението за погребални услуги поради зголемениот број на продадени гробни места.

***1 3 Трошоци***

| **ВИД НА ТРОШОЦИ** | | |
|---|---|---|
| **I - ТРОШОЦИ ЗА ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА** | **2026** | **2025** |
| Трошоци за плати за вработени | 1.067.233 | 1.256.567 |
| Електрична енергија филтер станица | 182.931 | 182.362 |
| Трош.за третирање на водата | 58.960 | 40.518 |
| Трош.за испитување на водата | 31.600 | 34.700 |
| Трошоци за водоводни делови | 22.450 | 28.209 |
| Баждирање на водомери | 5.707 | 1.222 |
| **ВКУПНО:** | **1.368.881** | **1.543.622** |
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| **II - ТРОШОЦИ ВО ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОТПАД** | | |
| Плати- изнесув.на отпад | 433.096 | 418.512 |
| Трошоци за нафта | 46.845 | 57.375 |
| Резервни делови за камион за ѓубре | 26.067 | 72.713 |
| **ВКУПНО:** | **506.008** | **548.600** |
| | | |
| **III - ТРОШОЦИ ЗА МЕХАНИЗАЦИЈА** | | |
| Плата за возачи на машини | 197.675 | 178.514 |
| Трошок за нафта ЈЦБ | 63.345 | 39.723 |
| Трошок за нафта трактори | 11.189 | 18.469 |
| Трошок за нафта сопствени возила | 22.183 | 11.582 |
| Трошок за гориво ( Лади, плин и др) | 10.995 | 13.376 |
| Делови за возила, заварување,сервис на возила | 11.977 | 10.852 |
| Трошоци за резервни делови ЈЦБ | / | 16.057 |
| Трошоци за уље и филтри | / | 7.467 |
| Гуми за возила | 13.500 | / |
| Баждарење на тахограф | 4.665 | / |
| Регистрација и осигурувања на возила | 17.000 | 8.490 |
| **ВКУПНО:** | **352.529** | **304.530** |
| | | |
| **IV- ТРОШОЦИ ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА, ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО** | | |
| Плати за вработени паркови и зеленило и јавна чистота | 581.972 | 327.371 |
| **ВКУПНО:** | **581.972** | **327.371** |
| | | |
| **V- ТРОШОЦИ ПОВРЗАНИ СО ПОГРЕБАЛНИ УСЛУГИ** | | |
| Плата за вработен на гробишта | 138.140 | 136.032 |
| **ВКУПНО:** | **138140** | **136.032** |
| | | |
| **VI - ТРОШОЦИ ЗА УПРАВА** | | |
| Плати за управа | 943.880 | 816.960 |
| Дневници за УО и НО | / | 28.500 |
| **ВКУПНО :** | **943.880** | **845.460** |
| | | |

| VII- ОСТАНАТИ/ЗАЕДНИЧКИ ТРОШОЦИ | | |
|---|---|---|
| Електр.енерг канцеларии | 4.162 | 3.520 |
| Канцелариски материјали и фотокопирање | 16.278 | 13.525 |
| Поштенски услуги и карго | 3.653 | 4.917 |
| Мобилни, фиксни и интернет услуги | 25.861 | 20.345 |
| Трошоци за службени патувања | 9.840 | 3.000 |
| Весници и списанија | 41.278 | 12.370 |
| Обуки на вработени | 4.720 | 8.415 |
| Трошоци за објавување на оглас | / | 5.400 |
| Репрезентација, спонзорство | 13.975 | 10.578 |
| Членарини во здруженија, такси | 10.186 | 8.900 |
| Трош. за софтверско и компјутер. одржување | 45.600 | 47.000 |
| Банкарски,агенциски услуги, провизии | 33.648 | 34.355 |
| Осигурителни услуги | 2.469 | / |
| Персонален данок | 14.933 | 10.923 |
| Камати, казни, пенали | 167.212 | 101.220 |
| Судски трошоци и извршување | 12.030 | 10.000 |
| Нотарски трошоци | 43.863 | 25.650 |
| Услуги од правни лица | 54.527 | 9.765 |
| Услуги по Договор на дело | 49.689 | 49.420 |
| Одржување на хигиена и хиг.средства | 19.042 | 19.473 |
| Надоместостоци за вработени (отпремнина за пензија, погреб) | 60.000 | 5.456 |
| Систематски прегледи на вработени | 10.400 | 21.000 |
| ХТЗ опрема | 8.500 | / |
| Набавна вредност на стоки и рез.делови | 13.239 | 5.665 |
| Отпис на побарувања | 4.363 | / |
| **ВКУПНО:** | **669.468** | **430.892** |
| **Вкупни трошоци I+II+III+IV+V+VI+VII** | **4.560.878** | **4.136.512** |

Вкупните трошоци во претпријатието во првите три месеци во 2026 година се поголеми во однос на првите три месеци од 2025 година**,** што е резултат на општото зголемување на цените за електрична енергија, горивата, порастот на минималната плата и т.н.

Во трошоците за вода и канализација спаѓаат трошоци за: платите на вработените на филтер станицата, водоинсталатерите, електрична енергија на филтер станица, трошоци за испитување на квалитетот на водата, трошоци за набавка на хлор, алуминиум, вар, водоводни и канализациони делови и тн. Имаме намалување на трошоците за вода и канализација во 2026 во однос на 2025 година, во делот на пллатите заради заминување на еден вработен во пензија и користење на боледување од друг вработен во ова одделение.

Платите во управата се намалени заради породилно отсуство на Директорката.

Во останати-заеднички трошоци спаѓаат трошоците за: канцелариски материјали, трошоци од фиксен режим, одржување на софтвер и компјутери, хигиенски средства, репрезентација и спонзорство, трошоци за вработени, услуги од правни лица (сервисирање и баждарење на ПП апарати, услуги од Централен регистар), трошоци за лица кои работат со Договор на дело (сечење на огревно дрво, за зимско одржување, поправкја на возило и т.н.) и други трошоци кои е тешко да се распоредат по одделенија туку се предизвикани од целокупното работење на претпријатието.

### *1.4 Процент на наплата*

| **ПРОЦЕНТ НА НАПЛАТА** | **2025** |
|---|---|
| **Физички лица** | **90%** |
| **Правни лица** | **70%** |

### 1.5 Анализа на приходи и трошоци по одделенија

| | Приход 2026 | Трошок 2026 |
|---|---|---|
| Водовод и канализација | 2.899.552 | 1.368.881 |
| Отпремување со отпад | 966.364 | 506.008 |
| Погребално | 290.700 | 138.140 |
| Механизација | 282.113 | 352.529 |
| Паркови, зеленило и јавна чистота | / | 581.972 |
| Управа | / | 943.880 |
| Останати | 189.879 | 669.468 |
| **Вкупно** | **4.628.608** | **4.560.878** |
| Амортизија | / | **366.960** |
| Вкупно | **4.628.608** | **4.927.838** |
| **Резултат за 1-3/2026 година** | **Загуба 299.230** | |

**ЈКП „Комуналец"- Пехчево**
**Директор**
**Драгана Вазлиска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за усвојување на**
**општински енергетски план на општина Пехчево за 2027 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на општински енергетски план на општина Пехчево за 2027 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 8-та седница одржана на ден 27.05.2026 година.

Бр. 09-723/9 — Општина Пехчево
27.05.2026 год. — Градоначалник
Пехчево — Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), а во врска со член 16 од Законот за енергетика (Сл.Весник на РСМ бр. 101/25 и 135/25), и добиената согласност од Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини на РСМ бр.12-8391/1 од 18.05.2026 година, Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 27.05.2026 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на општински енергетски план на општина Пехчево за 2027 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево го усвојува општинскиот енергетски план на општина Пехчево за 2027 година.

**Член 2**

Општински енергетски план на општина Пехчево за 2027 година, е составен дел од оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр. 08-717/1 — Совет на општина Пехчево
27.05.2026 год. — Претседател
Пехчево — Миле Гошевски с.р.

---

# ОПШТИНСКИ ЕНЕРГЕТСКИ ПЛАН

## ЗА 2027 ГОДИНА

*Изработен согласно Правилникот за формата, содржината и методологијата за изработка на Општинскиот Енергетски План („Службен весник на РСМ" бр. 54, 13 март 2026 год.)*

**Пехчево, 2027**

## ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Општинскиот Енергетски План (ОЕП) на Општина Пехчево за 2027 година е стратешко-планерски документ усогласен со националното законодавство (Закон за енергетика, Сл. весник на РСМ бр. 101/2025; Закон за енергетска ефикасност, Сл. весник бр. 32/2020 и 193/2025) и Правилникот за формата, содржината и методологијата за изработка на ОЕП (Сл. весник бр. 54, 13 март 2026 год.). ОЕП е инструмент за планирање, следење и известување на локалните акции за намалување на потрошувачката на енергија, зголемување на уделот на обновливите извори и намалување на емисиите на стакленички гасови.

**Клучни факти за Општини Пехчево:**

- Население: 3.983 жители, 1.412 домаќинства во 28 населби;
- Плански регион: Источен плански регион; Површини: 208 km²;
- Доминантно гориво за греење: огревно дрво (78%), електрична енергија (18%), течни горива (4%);
- Проценета годишна потрошувачка: Ел. енергија 5 – 7 GWh, Топлинска 12 – 16 GWh;
- Проценети емисии: Проценетата базна линија на емисии за општината изнесува 12.000 – 18.000 $tCO_2e$ годишно. Доминантен фактор е согорувањето на биомасата (дрво) за греење..

**Клучни стратешки цели до 2030:**

- СЦ-1: Намалување на потрошувачката во јавниот сектор за 25–35%;
- СЦ-2: Целосна LED модернизација на уличното осветлување – заштеда 40–55%;
- СЦ-3: Инсталација на PV системи на јавни zградии – 30–50% покриеност;
- СЦ-4: Почисто и поефикасно греење во јавните zгради;
- СЦ-5: Декарбонизација на општинскиот возен парк за 20–30%;
- СЦ-6: Вклучување на граѓаните и намалување на енергетска сиромаштија.

**Планирани инвестиции и резултати:**

Вкупно планирани инвестиции: 23.050.000 МКД (≈374.000 EUR), структурирани преку три извори: општини буџет (3.650.000 МКД), грантови (16.600.000 МКД) и ЕСЦО/ЈПП (2.800.000 МКД). Планираните мерки ќе обезбедат годишни заштеди на над 1.000 MWh електрична енергија и намалување на емисиите на $CO_2e$ за над 400–600 $tCO_2e$ годишно по целосна имплементација.

ОЕП ги интегрира и националните обврски произлезени од ИНПЕК/NECP 2025–2030, особено целта за 38% удел на ОИЕ до 2030 и обврските за намалување на потрошувачката. Документот е изработен во согласност со методолошките стандарди на ЕУ Директивата за ЕЕ (EED recast 2023), Директивата за ОИЕ (RED III 2023) и Директивата за енергетски перформанси на zгради (EPBD recast 2024).

СПИСОК НА КРАТЕНКИ И СКРАТЕНИЦИ

| Кратенка | Значење |
| --- | --- |
| $CO_2$ | Јаглерод диоксид |
| $CO_2e$ | Еквивалент на јаглерод диоксид |
| ЕЕ | Енергетска ефикасност |
| ЕСЦО | Компанија за енергетски услуги |
| ЕУ | Европска Унија |
| GWh | Гигават час |
| ИНПЕК | Интегриран Национален План за Енергија и Клима |
| ИПА | Инструмент за претпристапна помош (ЕУ) |
| kW | Киловат |
| kWh | Киловат час |
| kWp | Киловат-врв (за PV) |
| МВт | Мегават |
| МКД | Македонски денар |
| MW | Мегават |
| MWh | Мегават час |
| NECP | National Energy and Climate Plan |
| ОЕП | Општински Енергетски План |
| ОИЕ | Обновливи извори на енергија |
| PV | Фотоволтаичен систем |
| РСМ | Република Северна Македонија |
| $tCO_2$ | Тон јаглерод диоксид |
| toe | Тон нафтен еквивалент |
| ЕБОР | Европска банка за обнова и развој |
| KfW | Германска банка за развој (Kreditanstalt für Wiederaufbau) |
| КЕЦ | Комунално Енергетско Центро (Дистрибутивен центар) |
| ЈКП | Јавно Комунално Претпријатие |
| ЛЕД | Светло-емитирачка диода (LED) |
| SWOT | Strengths, Weaknesses, Opportunities, Threats |
| KPI | Key Performance Indicators – Клучни показатели за успешност |
| ЈПП | Јавно-приватно партнерство |

ДЕЛ 1. ВОВЕД И ПРАВНА ОСНОВА

## 1.1. Вовед

Општина Пехчево го изработи овој Општински Енергетски План (ОЕП) за 2027 година врз основа на важечкото национално законодавство во областа на енергетиката, енергетската ефикасност и обновливите извори на енергија. Планот е усогласен со националните цели и мерки утврдени со Интегрираниот Национален План за Енергија и Клима (ИНПЕК/NECP) и ги следи принципите и методолошките насоки на релевантните европски директиви и регулативи како референтен acquis.

ОЕП на Општина Пехчево е операционален документ кој ги дефинира целите, мерките и активностите во областа на енергетската ефикасност и обновливите извори на енергија за 2027 година, со среднорочна перспектива до 2030 година. Документот е изработен согласно Правилникот за формата, содржината и методологијата за изработка на Општинскиот Енергетски План, донесен од страна на Министерот за енергетика, рударство и минерални суровини (Службен весник на РСМ, бр. 54, 13 март 2026 год.).

Планот е вграден во локалните стратешки документи на Општина Пехчево и обезбедува операционализација на локалните развојни приоритети преку мерки, проекти, рокови, одговорни носители и индикатори за мониторинг. Документот е изработен со активно учество на релевантните институционални чинители и со широка вклученост на јавноста.

## 1.2. Цел и значење на Општинскиот Енергетски План

### 1.2.1. Цел на Општинскиот Енергетски План

Основната цел на Општинскиот Енергетски План за 2027 година на Општина Пехчево е да воспостави систематски, одржлив и ефикасен пристап кон управувањето со енергијата на локално ниво, во согласност со законските обврски, националните политики и реалните потреби на општината.

**Планот има за цел да:**

- ја подобри енергетската ефикасност во јавниот сектор, особено во општинските административни објекти, образовните и културните установи, комуналната инфраструктура и уличното осветлување;
- го намали вкупното годишно трошење на енергија и поврзаните буџетски трошоци на општината;
- поттикне користење на обновливи извори на енергија (сончева, биомаса и други локално достапни извори);
- придонесе кон намалување на емисиите на стакленички гасови и подобрување на квалитетот на животната средина;
- создаде основа за планирање, аплицирање и реализација на проекти финансирани од национални и меѓународни фондови;
- ја зајакне институционалната и техничката способност на општината за управување со енергетски проекти;
- намали енергетската сиромаштија и обезбеди правична пристапност на граѓаните кон ефикасна и чиста енергија.

### 1.2.2. Значење на Општинскиот Енергетски План

Општинскиот Енергетски План за 2027 година има клучно значење за Општина Пехчево, бидејќи претставува практичен инструмент за носење информирани одлуки во областа на енергетиката и одржливиот развој. Значењето на Планот се согледува преку следните аспекти:

**Стратешко значење** – Планот ја поврзува локалната енергетска политика со националните и европските цели за енергетска ефикасност и климатска неутралност, обезбедувајќи усогласен развоен правец на општината.

**Економско значење** – Преку рационално користење на енергијата и имплементација на мерки за заштеда, се намалуваат тековните трошоци во општинскиот буџет и се ослободуваат средства за други развојни приоритети.

**Еколошко значење** – Спроведувањето на планираните мерки директно придонесува за намалување на загадувањето, емисиите на $CO_2$ и негативните влијанија врз животната средина, со што се подобрува квалитетот на живот на населението.

**Социјално значење** – Планот придонесува кон создавање побезбедна, поздрава и поудобна средина за живеење, како и кон подигнување на јавната свест за рационално користење на енергијата и намалување на енергетската сиромаштија.

**Институционално значење** – Документот воспоставува јасни одговорности, индикатори и механизми за следење, што овозможува подобра координација меѓу општинските служби и транспарентност во спроведувањето на енергетските политики.

## 1.3. Правна рамка

### 1.3.1. Национално законодавство

Правната рамка за изработка и спроведување на Општинскиот Енергетски План ги опфаќа следните клучни закони и подзаконски акти:

**Закон за енергетика**

Законот за енергетика (Службен весник на РСМ, бр. 101/2025 и 135/2025) ги поставува темелите на енергетскиот сектор. Во контекст на ОЕП, законот е релевантен за: планирање и реализација на енергетски објекти и системи, услови за приклучување и функционирање во системот, улоги на оператори и снабдувачи и регулаторни барања поврзани со мерење и квалитет на услуга.

**Закон за енергетска ефикасност**

Законот за енергетска ефикасност (Службен весник на РСМ, бр. 32/2020, изменет со бр. 193/2025) ја поставува рамката за: систематско управување со енергија во јавниот сектор, планирање на мерки и програми, услови за енергетски прегледи и сертификати, и поттикнување инвестиции во енергетска ефикасност.

**Правилник за ОЕП**

Правилникот за формата, содржината и методологијата за изработка на Општинскиот Енергетски План (Службен весник на РСМ, бр. 54, 13 март 2026 год.) пропишува задолжителни компоненти на ОЕП: Општински енергетски профил, Мерки и активности, Финансиска рамка, Вклучување на јавноста и Анализа на потенцијали и ризици.

**Закон за животна средина**

Законот за животната средина е релевантен при дефинирање на мерки и проекти со значителни еколошки влијанија (SEA/EIA постапки). Сите мерки во ОЕП се планирани со почитување на еколошките ограничувања.

**Закон за јавните набавки**

Реализацијата на мерките во јавниот сектор (ЕЕ санации, набавка на опрема, проектантски услуги) подлежи на Законот за јавните набавки. ОЕП ги спецификува мерките на начин кој овозможува законита, транспарентна и ефективна набавка.

### 1.3.2. Европска рамка и обврски во контекст на Енергетската заедница

Иако Република Северна Македонија не е членка на ЕУ, европските директиви и регулативи претставуваат референтен стандард за усогласување преку обврските во рамки на Договорот за Енергетска заедница. Клучни директиви релевантни за ОЕП:

- Директива (ЕУ) 2023/1791 за енергетска ефикасност (recast на EED);
- Директива (ЕУ) 2024/1275 за енергетски перформанси на згради (EPBD recast);
- Директива (ЕУ) 2023/2413 (RED II) за промоција на обновливи извори;
- Регулатива (ЕУ) 2018/1999 за управување со Енергетската унија и климатска акција (Governance).

Согласно принципот на мултиниво дијалог за клима и енергија (член 11 од Governance регулативата), локалните власти се препознаени клучни чинители кои придонесуваат кон националните цели.

### 1.3.3. ИНПЕК/NECP и национални цели

Интегрираниот Национален План за Енергија и Клима (ИНПЕК/NECP) 2025–2030 ги поставува следните клучни цели за Република Северна Македонија:

- Достигнување на 38% удел на обновлива енергија во бруто финалната потрошувачка до 2030 година;
- Намалување на примарната потрошувачка на енергија и подобрување на енергетскиот интензитет;
- Намалување на емисиите на стакленички гасови во согласност со Парискиот договор и обврските на Енергетската заедница;
- Зголемување на сигурноста на снабдувањето и диверзификација на изворите на енергија.

ОЕП на Општина Пехчево е директно усогласен со овие цели и обезбедува мерлив локален придонес кон нивното постигнување.

ДЕЛ 2. АНАЛИЗА НА ПОСТОЈНА СОСТОЈБА – ОПШТИНСКИ ЕНЕРГЕТСКИ ПРОФИЛ

## 2.1. Општи податоци за Општина Пехчево

Општина Пехчево се наоѓа во Источен плански регион на Република Северна Македонија. Општината зафаќа површина од 208 km² и според Пописот на население во 2021 година брои 3.983 жители, распоредени во 28 населби. Општини центар е Пехчево со 1.887 жители.

Надморската височина на подрачјето варира во опсег 600 – 1.800 м н.в.. Главни водни текови се Равна Река ( горен тек ), Брегалница (горен тек) и реката Писа во центарлното градско подрачје. Климата е планинска континентална клима, средна годишна температура 9,8°C, изразени зими, просечно 1.900 часа сончево зрачење годишно.

| Показател | Вредност |
|---|---|
| Плански регион | Источен плански регион |
| Површина | 208 km² |
| Население (Попис 2021) | 3.983 жители |
| Број на домаќинства | 1.412 |
| Број на населби | 28 |
| Општини центар | Пехчево (1.887 жители) |
| Надморска височина | 600 – 1.800 м н.в. |
| Реки | Равна Река ( горен тек ), Брегалница (горен тек) и реката Писа |

### 2.1.1. Економски профил

Економијата на Општина Пехчево се карактеризира со: шумарство и преработка на дрво, мало земјоделство (компири, овошје), мало занаетчиство, ограничени услужни дејности. Шумарството е доминантна стопанска гранка. Постојат мали погони за примарна преработка на дрво. Поради планинскиот карактер, индустриската активност е минимална. Туризмот (еко и рурален) е идентификуван сектор со потенцијал.

## 2.2. Потрошувачка на енергија по сектори и категории

Анализата на потрошувачката на енергија е основата на Општинскиот Енергетски Профил. Поради ограниченост на официјални локални статистички податоци, потрошувачката е проценета со соодветна методологија базирана на: национални енергетски биланси, демографски показатели (Попис 2021), расположливи податоци за јавниот сектор и регионални параметри.

### 2.2.1. Домаќинства

Домаќинствата се еден од клучните сектори на потрошувачка, особено за топлинска енергија. Со 1.412 домаќинства, структурата на горива за греење е следна: огревно дрво (78%), електрична енергија (18%), течни горива (4%).

Домаќинствата доминираат во потрошувачката на топлинска енергија. Значителен дел од станбениот фонд е изграден пред 1990 година и нема термоизолација, што резултира со висока специфична потрошувачка на топлина.

### 2.2.2. Јавни згради и општини институции

Општини Пехчево стопанисува или ги користи следниве јавни згради: вкупно 12 јавни објекти, вклучувајќи 5 основни училишта и детски градинки, 2 административни згради, 2 спортски и културни објекти и 3 останати јавни простори.

Проценетата годишна потрошувачка на електрична енергија во јавниот сектор изнесува 0,6 – 0,9 GWh годишно. Доминантни потрошувачи се системите за греење/ладење, осветлувањето и технолошката опрема.

### 2.2.3. Јавно улично осветлување

Системот за улично осветлување на Општина Пехчево брои 620 светилки. Проценетата годишна потрошувачка на електрична енергија за јавното осветлување изнесува 0,18 – 0,25 GWh. Значителен дел од светилките сè уште ги користат постарите технологии (натриумови, живини), со значително поголема потрошувачка во споредба со LED алтернативите.

### 2.2.4. Транспорт

Транспортниот сектор е значаен потрошувач на енергија, доминантно базиран на течни горива (бензин, дизел). Општинскиот возен парк брои 8 возила. Потрошувачката во транспортот е поврзана со: општинска администрација и ЈКП возила, јавен превоз (каде постои), приватни возила на жителите.

Стимулирањето на електромобилноста е идентификувано како приоритетна мерка. Тековна состојба: Нема инсталирани ЕВ полначи. Планирано е инсталирање на 1 полнач во 2026 година.

### 2.2.5. Локална индустрија и комерцијален сектор

Шумарството е доминантна стопанска гранка. Постојат мали погони за примарна преработка на дрво. Поради планинскиот карактер, индустриската активност е минимална. Туризмот (еко и рурален) е идентификуван сектор со потенцијал.

### 2.1.2. Климатски карактеристики и нивното значење за енергетиката

Климата на Општина Пехчево е планинска континентална клима, средна годишна температура 9,8°C, изразени зими, просечно 1.900 часа сончево зрачење годишно. Климатските карактеристики имаат директно влијание врз потрошувачката на енергија. Зимите со ниски температури водат до висока потрошувачка за греење (главно октомври–март), додека топлите лета создаваат потреба за ладење кај дел од објектите.

Сончевото зрачење е клучен ресурс за фотоволтаична производња. Просечните вредности укажуваат на значаен необновлив потенцијал. Детална анализа на климатските параметри по месеци е неопходна за прецизно планирање на ОИЕ системите.

| Месец | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Темп. (°C) | -1 | 2 | 7 | 12 | 17 | 21 | 24 | 24 | 19 | 13 | 6 | 1 |
| Сончеви часови | 65 | 90 | 140 | 175 | 220 | 255 | 285 | 275 | 210 | 150 | 80 | 55 |
| Греење потреби | Многу високи | Многу високи | Умерени | Ниски | Нема | Нема | Нема | Нема | Ниски | Умерени | Високи | Многу високи |

Климатските промени веќе влијаат на регионот преку: зачестување на екстремни временски настани (жешки бранови, суши, интензивни дождови), намалување на водните ресурси (значајно за малите хидро системи и земјоделството), и нарушување на традиционалните сезонски образци. Во планирањето на мерките, овие трендови се земени предвид преку изборот на технологии и мерки кои имаат позитивен ефект и во услови на климатска варијабилност.

### 2.1.3. Демографски трендови и нивното влијание врз потрошувачката

Општина Пехчево бележи трендови слични на многу општини во Македонија: одлив на млади луѓе кон поголемите градски центри, стареење на население, намалување на бројот на активни домаќинства во руралните населби. Овие трендови имаат двојно влијание врз енергетиката: потрошувачката на енергија може да се намали поради помалку корисници, но преостанатите корисници – претежно постари и посиромашни – имаат поголема осетливост на цени на енергијата (енергетска сиромаштија).

Од друга страна, зголемениот животен стандард и нови потреби (клима уреди, нови апарати, ЕВ возила) водат кон зголемена потрошувачка на електрична енергија. Нето ефектот бара внимателен пристап: ОЕП мора да ги балансира мерките за намалување на потрошувачката со мерките за обезбедување на достапна и чиста енергија за сите слоеви на население.

### 2.2.6. Водоснабдување и канализација

Системите за водоснабдување и преработка на отпадни води претставуваат значајни потрошувачи на електрична енергија во јавниот сектор. Пумпните станици, постројките за прочистување и дистрибутивната мрежа се потенцијални области за оптимизација на потрошувачката.

### 2.2.7. Резиме на проценета потрошувачка по сектори

| Сектор | Ел. енергија (GWh) | Топл. енергија (GWh) | Удел (%) |
|---|---|---|---|
| Домаќинства | ≈ 55–65% | ≈ 70–75% | ~60% |
| Јавен сектор | 0,6 – 0,9 GWh | 10–15% | ~10% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Јавно осветлување | 0,18 – 0,25 GWh | — | ~3% |
| Индустрија/комерц. | 15–25% | 10–20% | ~18% |
| Транспорт | — | — | ~9% |
| ВКУПНО (ЕЕ) | 5 – 7 GWh | 12 – 16 GWh | 100% |

## 2.3. Анализа на изворите на енергија и обновливи потенцијали

### 2.3.1. Постојна структура на горива

Во Општина Пехчево доминираат следните извори на енергија: огревно дрво (78%), електрична енергија (18%), течни горива (4%). Отсуството на гасоводна мрежа и систем за централно греење ја детерминира структурата на горива.

### 2.3.2. Потенцијал за соларна (PV) енергија

Умерен. На повисоките надморски висини сончевото зрачење е добро (1.350–1.450 kWh/m²). Кровните површини на јавните згради имаат потенцијал до 200 kWp PV инсталации.

### 2.3.3. Потенцијал за биомаса

Многу висок. Шумите покриваат над 68% од територијата. Одржливиот потенцијал на шумска биомаса (огревно дрво, пелети, сечкана биомаса) се проценува на 15.000 – 20.000 toe годишно. Отпадот од дрвопреработката е значаен додатен ресурс.

### 2.3.4. Потенцијал за мала хидроенергија

Добар. Планинските водотеци имаат потенцијал за мали и микро-хидро централи (250 kW – 1 MW), со строги еколошки услови.

### 2.3.5. Потенцијал за ветерна енергија

Умерен на повисоките врвови (над 1.400 м н.в.). Потребни се мерења за прецизна проценка.

### 2.3.6. Геотермален потенцијал

Нема потврден геотермален потенцијал во подрачјето.

| Извор на ОИЕ | Потенцијал | Тековен статус | Приоритет |
|---|---|---|---|
| Сонце (PV) | Висок | Во развој | ★★★★★ |
| Биомаса | Умерен–Висок | Постојна употреба | ★★★★☆ |
| Мала хидро | Ограничен | Студија потребна | ★★☆☆☆ |
| Ветер | Низок | Не е развиено | ★☆☆☆☆ |

### 2.4. Постојна енергетска инфраструктура

#### 2.4.1. Електроенергетска инфраструктура

Општината е приклучена на дистрибутивната мрежа преку КЕЦ Делчево (подрачје). Мрежата е 10/0,4 kV, со значителна должина на ниско-напонски водови во планинските населби. Дел од мрежата е воздушна и подложна на дефекти во зима. Загубите се проценуваат на 14–18%.

#### 2.4.2. Гасоводна инфраструктура

Не постои гасоводна мрежа. Нема планови за гасификација во средорочен период.

#### 2.4.3. Топлинска инфраструктура

Не постои систем за централно греење. Дрвото е доминантно гориво.

#### 2.4.4. Инфраструктура за електромобилност

Нема инсталирани ЕВ полначи. Планирано е инсталирање на 1 полнач во 2026 година.

### 2.5. Состојба на енергетска ефикасност и емисии на стакленички гасови

#### 2.5.1. Енергетска ефикасност во јавниот сектор

Состојбата на енергетска ефикасност во јавниот сектор на Општина Пехчево ја карактеризираат следните предизвици:

- Застарен стамбен и јавен градежен фонд без термоизолација – поголемиот дел од јавните згради се изградени пред 1990 год.;
- Отсуство на систематски мониторинг на потрошувачката на енергија – нема воспоставена база на податоци за енергетски билans;
- Застарена или неефикасна опрема за греење, осветлување и технологија;
- Отсуство на лиценциран енергетски менаџер во општината;
- Ограничени финансиски ресурси за самостојно финансирање на ЕЕ проекти.

Потенцијалот за заштеди во јавниот сектор се проценува на 30–45% од тековната потрошувачка, остварливо преку комбинација на структурни (реновирање) и оперативни (управување) мерки.

#### 2.5.2. Емисии на стакленички гасови

Проценетата базна линија на емисии за општината изнесува 12.000 – 18.000 $tCO_2e$ годишно. Доминантен фактор е согорувањето на биомасата (дрво) за греење.

Доминантни извори на емисии се: согорување на биомаса (огревно дрво) за греење во домаќинствата, транспортот (дизел/бензин) и потрошувачката на електрична енергија (посредни емисии).

#### 2.5.3. Енергетска сиромаштија

Проценето е дека 20–28% од домаќинствата се соочуваат со ризик од енергетска сиромаштија, поради изолираноста и застарениот стамбен фонд.

Главни причини за енергетска сиромаштија се: ниски приходи на домаќинствата, застарен стамбен фонд, немање пристап до поефикасни системи за греење, и ограничена информираност за достапните субвенции и мерки.

### 2.6. Анализа на потенцијали и ризици на локалниот енергетски систем (SWOT)

Анализата на потенцијалите и ризиците (SWOT) на локалниот енергетски систем е методолошка алатка за стратешка проценка на внатрешните и надворешните фактори кои влијаат врз функционирањето, развојот и одржливоста на енергетскиот систем на општината. Служи за систематско идентификување на ресурси, ограничувања, можности и закани.

| **ПРЕДНОСТИ (Strengths)** | **СЛАБОСТИ (Weaknesses)** |
|---|---|
| исклучителен потенцијал за биомаса; планински хидро потенцијал; мала урбана населеност (помалку сложена инфраструктура); висока еколошка свест кај населението; потенцијал за зелен и еко-туризам | многу мала даночна база и ограничен буџет; изолирани планински населби со скапа дистрибутивна мрежа; висока зависност од дрво за греење; ограничен технички капацитет на општината |
| **МОЖНОСТИ (Opportunities)** | **ЗАКАНИ (Threats)** |
| развој на ОИЕ (биомаса, мали хидро, ветер на планински локации); еко-туризам и рурален развој; IPARD фондови; LEADER програми; пелетна индустрија | климатски промени (суши, пожари); намалување на шумскиот фонд при неодржливо сечење; депопулација; ризик од несоодветно управување со шумски остатоци |

#### 2.6.1. Заклучок од SWOT анализата

Врз основа на SWOT анализата, клучните стратешки насоки за Општина Пехчево се:

- Максимизирање на искористувањето на сончевата енергија преку PV системи на јавните згради (SO стратегија);
- Искористување на меѓународните фондови за надминување на финансиските ограничувања (WO стратегија);
- Диверзификација на изворите на енергија за намалување на ризикот од ценовни шокови (ST стратегија);
- Воспоставување систем за мониторинг и управување со енергијата (WT стратегија).

ДЕЛ 3. ЦЕЛИ, НАСОКИ И ПРИОРИТЕТИ

## 3.1. Долгорочна визија и стратешки правец

Општина Пехчево се насочува кон развој на енергетски ефикасна, нискојаглеродна и климатски отпорна општина, која:

- рационално ја користи енергијата во јавниот и приватниот сектор – бидејќи енергетската ефикасност е примарна активност пред зголемување на ОИЕ;
- постепено го зголемува уделот на обновливите извори на енергија преку јавни и приватни инвестиции;
- ги намалува трошоците за енергија во општинскиот буџет и ги пренасочува за локални развојни приоритети;
- обезбедува поквалитетни јавни услуги со подобар комфор и сигурност;
- ги намалува емисиите на стакленички гасови и придонесува за почиста животна средина;
- активно ги вклучува граѓаните, земјоделците и локалниот бизнис во енергетската транзиција.

Визијата се реализира преку фазен пристап: краткорочно (2026–2027) – брзи и исплатливи мерки и подготовка на проектна документација; среднорочно (до 2030) – системска модернизација; долгорочно (по 2030) – подлабока декарбонизација.

## 3.2. Стратешки цели

### СЦ-1: Подобрување на енергетската ефикасност во јавниот сектор

Стратешка намера: Општини Пехчево да стане пример за рационално користење на енергијата преку системска модернизација на јавните објекти и услуги.

**Долгорочни таргети до 2030:**

- Намалување на специфичната потрошувачка во јавните згради за 25–35% во однос на базната 2024 година;
- Воведување годишен мониторинг на потрошувачката (kWh/m²) за сите значајни јавни потрошувачи;
- Реализација на термосанација на најмалку 30% од јавните згради до 2028 година.

### СЦ-2: Модерно, ефикасно и безбедно јавно осветлување

Стратешка намера: Намалување на трошоците и зголемување на безбедноста преку целосна модернизација на уличното осветлување со LED технологија.

- Достигнување на 100% LED покриеност на уличното осветлување до 2028 година;
- Намалување на потрошувачката за јавно осветлување за 40–55% во однос на базната состојба;
- Воведување паметен систем за управување со осветлувањето (диммери, сензори).

### СЦ-3: Зголемување на уделот на обновливи извори на енергија

Стратешка намера: Локално производство и искористување на чиста енергија за намалување на сметките и емисиите.

- Инсталација на PV системи на јавните згради за покривање на 30–50% од нивната потрошувачка на електрична енергија;
- Создавање услови и поддршка за раст на приватни PV инвестиции;
- Достигнување на мерлив локален придонес кон националните ОИЕ цели.

### СЦ-4: Почисто и поефикасно греење

Стратешка намера: Намалување на потрошувачката и емисиите од греење, со приоритет на здравјето и комфорот на граѓаните.

- Постепено намалување на употребата на неефикасни и загадувачки решенија за греење;
- Воведување поефикасни системи за греење (топлински пумпи, ефикасни котли, соларни колектори) во јавните објекти;
- Поддршка за домаќинствата во преминот кон поефикасни и почисти решенија за греење.

### СЦ-5: Одржлив транспорт и намалување на емисии од мобилноста

Стратешка намера: Намалување на потрошувачката на гориво и емисиите преку подобро управување со возниот парк и поддршка на електромобилноста.

- Намалување на потрошувачката на гориво во општинскиот возен парк за 20–30% до 2030 год.;
- Постепена замена на возила со електрични или хибридни алтернативи;
- Развој на инфраструктура за електромобилност (полначи).

### СЦ-6: Намалување на енергетска сиромаштија и вклучување на граѓаните

Стратешка намера: Енергетската транзиција да биде правична, со фокус на ранливите категории граѓани и едукација.

- Воспоставување енергетско советувалиште за граѓани;
- Развој на локални програми за поддршка на ранливи домаќинства;
- Зголемена енергетска писменост и учество на граѓаните.

## 3.3. Оперативни цели за 2026 година

За 2026 година, приоритетни оперативни цели се:

- Подготовка на проектна документација за најмалку 3 ЕЕ проекти;
- Инсталација на LED во најмалку 50% од уличните светилки;
- Воспоставување систем за мониторинг на потрошувачката на јавниот сектор;
- Именување на Енергетски Менаџер на општината;
- Спроведување барем 2 јавни кампањи за енергетска ефикасност;
- Аплицирање за најмалку 2 национални или меѓународни финансиски инструменти.

## ДЕЛ 4. ЛИСТА НА ПРИФАТЛИВИ ИНИЦИЈАТИВИ ЗА ИЗГРАДБА НА ЕНЕРГЕТСКИ ОБЈЕКТИ СО ИНСТАЛИРАН КАПАЦИТЕТ ДО 1MW ДОСТАВЕНИ ДО ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

| **Назив на инвеститор** | **Податоци за локација** | **Катастарска парцела** | **Катастарска општина** | **Инсталирана моќност на енергетскиот објект** |
|---|---|---|---|---|
| ФЕЦ „БИ ГРУП-18“ | ОПШТИНА ПЕХЧЕВО | КП бр.2400 | КО Пехчево | **моќност од 550 kW, со интегриран батериски систем 215 kW / 705,54 kWh** |
| ***СИМ ЕНЕРЏИ ДОО СКОПЈЕ ( Сим Енерџи Солар)*** | ОПШТИНА ПЕХЧЕВО | КП 2322, КП 2323, КП 2324, КП 2325 и КП 2326 | КО НЕГРЕВО, ОПШТИНА ПЕХЧЕВО | **Батериски систем за складирање на електрична енергија моќност од 430 kW / 1,41 MWh** |
| ***СИМ ЕНЕРЏИ ДОО СКОПЈЕ*** (Сим Енерџи 1) | ОПШТИНА ПЕХЧЕВО | КП 1284, КП 1285, КП 1286, КП 1287 и КП 1288 | КО Пехчево | **Батериски систем за складирање на електрична енергија моќност од 990 kW / 3,52 MWh** |
| ***СИМ ЕНЕРЏИ ДОО СКОПЈЕ*** (Сим Енерџи 2) | ОПШТИНА ПЕХЧЕВО | КП 1284, КП 1285, КП 1286, КП 1287 и КП 1288 | КО Пехчево | **Батериски систем за складирање на електрична енергија моќност од 990 kW / 3,52 MWh** |
| ***СИМ ЕНЕРЏИ ДОО СКОПЈЕ*** (Сим Енерџи 3) | ОПШТИНА ПЕХЧЕВО | КП 1284, КП 1285, КП 1286, КП 1287 и КП 1288 | КО Пехчево | **Батериски систем за складирање на електрична енергија моќност од 990 kW / 3,52 MWh** |

ДЕЛ 5. МЕРКИ И АКТИВНОСТИ

### 5.1. Детален опис на приоритетните мерки

Општина Пехчево нема донесено конкретни мерки во однос на енергетската ефикасност, додека сите општински објекти во Пехчево се со енергетско ефикасни мерки: променети прозорци и врати, енергетско ефикасни фасади, промена на системите за греење.

ДЕЛ 6. Интегрирано планирање на општински енергетски капацитети и инфраструктура

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, како оператор на електродистрибутивен систем располага со база на податоци во која податоците се структуирани по Кориснички Енерго Центри (КЕЦ-ови).

По барање на општина Пехчево , Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје ги достави следниве податоци структуирани по КЕЦ Делчево.

**6.1 Површина по КЕЦ (вклучени сите општини на територијата на предметниот КЕЦ), број на мерни места, должина на среднонапонска и нисконапонска мрежа и број на трансформаторски станици ТС (СН/НН):**

**6.1.1** КЕЦ Делчево со електрична енергија напојува 4 општини: Делчево,

Македонска Каменица, Берово и Пехчево:

- со вкупна површина 1.418 km2
- жители 45.073
- број на броила 18.628

Должина на мрежа и број на трансформаторски станици:

| | |
|---|---|
| **СН кабел** | 87.175 m |
| **СН надземна мрежа** | 285.540 m |
| **НН кабел** | 46.776 m |
| **НН надземна мрежа** | 501.089 m |
| **Број на трансформаторски станици** | 355 |

**02.2026**

**Тарифни потрошувачи**

| Категорија | Број |
|---|---|
| Вкупно мерни места – EVN МК АД | **17.775** |
| Мали потрошувачи MV1 | 0 |
| Мали потрошувачи MV2 | 6 |
| Мали потрошувачи LV1.2 | 16 |
| Мали потрошувачи LV1.1 | 0 |
| Мали потрошувачи LV2 | 987 |
| Домаќинства MV2 | 0 |
| Домаќинства LV1.2 | 1 |
| Домаќинства LV2 | **16.765** |

**Либерализирани потрошувачи**

| Категорија | Број |
|---|---|
| Вкупно мерни места – EVN MK АД | **853** |
| MV1 директно приклучени 110kV/(35,20,10,6)kV | 3 |
| MV2 приклучени на среден напон | 46 |
| LV1.2 директно приклучени (35,20,10,6)kV/0,4kV | 59 |
| LV1.1 | 157 |
| LV2 приклучени на низок напон | 588 |

**Тарифни + либерализирани потрошувачи (вкупно)**

| Категорија | Број |
|---|---|
| Вкупно мерни места – EVN MK АД | **18.628** |

**6.2 Испорачана електрична енергија (по КЕЦ во kWh) за последните 12 месеци за категориите домакинства и мали потрошувачи кај универзален снабдувач и вкупна потрошувачка по КЕЦ по категории на приклучок (МУ1, МУ2) и јавно осветлување-**

6.2.1 Домаќинства + Мали потрошувачи (Универзален снабдувач)
ПРИЛОГ2

| in kWh | | 2025 | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |
| KEC Delchevo | Grid Losses | 728.361 | 445.245 | -99.412 | -293.390 | 144.316 | 161.401 | 252.658 | 452.265 | 552.554 | 596.455 | 860.200 | 1.215.782 |

| in kWh | | 2025 | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Sales in DSO | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |
| KEC **Delchevo** | MV1 | 4.135.285,09 | 3.832.528,81 | 4.035.679,23 | 3.712.976,53 | 4.038.640,74 | 3.934.745,33 | 3.997.642,29 | 4.023.651,23 | 3.985.313,81 | 4.276.849,16 | 4.116.512,14 | 4.355.676,57 |
| | MV2 | 653.427,16 | 645.738,16 | 639.683,29 | 550.656,48 | 525.049,21 | 484.369,77 | 532.143,69 | 417.879,54 | 604.720,13 | 739.345,07 | 683.692,85 | 740.914,03 |
| | LV1.1 | 108.547,94 | 87.986,25 | 88.008,91 | 75.451,54 | 73.035,57 | 65.655,73 | 70.037,52 | 80.930,59 | 87.244,59 | 102.132,04 | 108.184,15 | 112.419,25 |
| | LV1.2 | 440.671,86 | 403.555,99 | 404.216,86 | 378.931,77 | 406.609,38 | 382.253,13 | 414.249,86 | 333.870,24 | 359.140,35 | 436.262,73 | 432.327,93 | 460.172,28 |
| | LV.2 | 5.472.617,24 | 4.925.192,40 | 4.536.382,37 | 4.189.934,05 | 3.738.538,82 | 3.394.248,12 | 3.794.248,86 | 3.605.744,26 | 3.174.620,82 | 4.463.458,77 | 4.295.866,99 | 5.202.260,33 |
| | Totals | 10.810.549,28 | 9.895.001,62 | 9.703.970,66 | 8.907.950,37 | 8.781.873,73 | 8.261.272,08 | 8.808.322,21 | 8.462.075,85 | 8.211.039,69 | 10.018.047,77 | 9.636.584,05 | 10.871.442,46 |

| | | 2025 | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |
| KEC **Delchevo** | домакинства | 4.200.653 | 3.767.343 | 3.507.798 | 3.247.606 | 2.909.721 | 2.583.568 | 2.854.134 | 2.701.170 | 2.369.922 | 3.488.620 | 3.287.218 | 3.982.428 |
| | Мали Потрошувачи | 589.995 | 534.471 | 441.978 | 405.644 | 365.223 | 354.141 | 384.651 | 359.179 | 288.439 | 311.743 | 305.323 | 351.922 |
| | Вкупно | 4.790.648 | 4.301.814 | 3.949.777 | 3.653.250 | 3.274.943 | 2.937.709 | 3.238.784 | 3.060.349 | 2.658.360 | 3.800.363 | 3.592.541 | 4.334.350 |

## 6.3 Инсталирана моќност на секоја електроцентрала на територијата на одделниот КЕЦ-

| **КЕЦ** | **Тип на производител** | **Име на трафостаница (MVLV)** | **Моќност (kW)** | **ВН трафостаница 110/x; 35/10(20)kV** |
|---|---|---|---|---|
| Делчево | Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Челзи Солар PVPP | 42 | Пехчево |
| Делчево | Хидроелектроцентрала | HPP Равна Река 329 | 700 | Пехчево |
| Делчево | Хидроелектроцентрала | HPP Равна Река 325 | 667 | Пехчево |
| Делчево | Хидроелектроцентрала | HPP Равна Река 326 | 244 | Пехчево |
| Делчево | Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Црн Бор 2 | 5,99 | Пехчево |
| Делчев | Фотонапонска електроцентрала | Агора | 900 | Пехчево |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| о | | | | |
| Делчево | Фотонапонска електроцентрала | PVPP Челси Солар 2 | 280 | Пехчево |
| Делчево | Фотонапонска електроцентрала | PVPP Ал Дарив 2 | 600 | Пехчево |
| Делчево | Фотонапонска електроцентрала | PVPP Енергоинвест Равна Река Пех | 2970 | Пехчево |
| Делчево | Фотонапонска електроцентрала | PVPP Ал Дарив 1 Пехчево | 2000 | Пехчево |
| Делчево | Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Подуево | 15 | Пехчево |
| Делчево | Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Станбена Зграда | 15 | Пехчево |
| Делчево | Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Станбена Зграда | 15 | Пехчево |
| Делчево | Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Челзи Солар PVPP | 80 | Пехчево |
| Делчево | Фотонапонска електроцентрала | Сим Енерџи | 1330 | Пехчево |
| Делчево | Фотонапонска електроцентрала_Prosumer | Стојче Подуево | 40 | Пехчево |
| Делчево | Фотонапонска електроцентрала | Челси Солар PVPP | 48,5 | Пехчево |
| Делчево | Фотонапонска електроцентрала | Челси Солар PVPP | 48,5 | Пехчево |
| Делчево | Фотонапонска електроцентрала | PVPP Челси Солар 2 | 217,5 | Пехчево |

### 6.4 Листа на напојни ТС (ВН/СН) трафостаници и инсталирана моќност

6.4.1 Максималната проектена и предвидена моќност за периодот од 2022 година до 2025 по напојни ТС (ВН/СН)

| | ТС | ЕТР 1 [kV] | ЕТР 2 [kV] | ЕТР 3 [kV] | Вкупна инсталирана моќност примар [MVA] | Вкупен број на ЕТР во напојна ТС | Максимална превземена моќност од преносна мрежа [MW] | Максимална предадена моќност кон преносна мрежа [MW] | Моќност на приклучени обновливи извори на ЕЕ [MW] | Моќност на обновливи извори на ЕЕ со издадени согласности од ОДС [MW] | Вкупна моќност на приклучени и издадени согласности од ОДС [MW] |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ТС 110/35/10 kV Македонска Каменица | 110/36,75/10,5 | 20 | 1 | 16,4 | 10,7 | 15,3 | 3,9 | 19,2 | ТС 110/35/10 kV Македонска Каменица | 110/36,75/10,5 |
| 2 | ТС 110/35/10 kV Делчево | 110/36,75/10,5 | 20 | 1 | 14,9 | 13,6 | 12,6 | 3,1 | 15,7 | ТС 110/35/10 kV Делчево | 110/36,75/10,5 |
| 3 | ТС 35/10 kV Пехчево | 35/(21)10.5 | 10 | 1 | | | 10,2 | 7,8 | 18 | ТС 35/10 kV Пехчево | 35/(21)10.5 |
| 4 | ТС 110/35/10 kV Берово | 110/36,75 (21) /10,5 | 20 | 1 | 12,4 | 16 | 23,4 | 15,4 | 38,8 | ТС 110/35/10 kV Берово | 110/36,75 (21) /10,5 |
| 5 | ТС 110/35/10 kV Македонска Каменица | 110/36,75/10,5 | 20 | 1 | 16,4 | 10,7 | 15,3 | 3,9 | 19,2 | ТС 110/35/10 kV Македонска Каменица | 110/36,75/10,5 |
| 6 | ТС 110/35/10 kV Делчево | 110/36,75/10,5 | 20 | 1 | 14,9 | 13,6 | 12,6 | 3,1 | 15,7 | ТС 110/35/10 kV Делчево | 110/36,75/10,5 |

- пристап до интерактивна мапа на официјалната страна на Електродистрибуција ДООЕЛ – капацитет на напојни трансформаторски станици ТС (ВН/СН) за приклучување на електроцентрали https://elektrodistribucija.mk/GisMap.aspx

ДЕЛ 7. ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЈАВНОСТА

## 7.1. Цел и принципи на вклучување на јавноста

Вклучувањето на јавноста е клучна компонента на Општинскиот Енергетски План, согласно принципите за транспарентно и партиципативно управување на локално ниво. Целта е да се обезбеди широк консензус за планираните мерки, да се идентификуваат локалните потреби и приоритети, и да се создаде чувство на сопственост над процесот кај граѓаните.

Процесот на вклучување на јавноста ги почитува следните принципи: транспарентност на информациите и одлуките; достапност за сите засегнати страни; навременост (јавноста е вклучена пред донесувањето на одлуки); и инклузивност (посебно внимание на маргинализираните групи).

## 7.2. Засегнати страни и чинители

Идентификувани се следниве клучни засегнати страни во процесот на изработка и спроведување на ОЕП:

- Граѓаните на Општина Пехчево – примарни корисници на мерките;
- Советот на Општина Пехчево – орган кој го усвојува ОЕП;
- Општини служби и ЈКП – носители на спроведување;
- Јавни установи (училишта, здравствени установи) – значајни потрошувачи и корисници;
- Бизнис заедница – потенцијални инвеститори и партнери;
- Земјоделски стопанства – потенцијални корисници на ОИЕ;
- Невладини организации – промотори на одржливост;
- Медиуми – за информирање на јавноста;
- Државни институции (Министерство за енергетика, МФ, ЕБОР/KfW) – извори на финансирање и регулаторен надзор.

## 7.3. Процес на јавна консултација за ОЕП

Во процесот на изработка на ОЕП на Општина Пехчево спроведени се следниве активности за вклучување на јавноста:

- Конститутивен состанок со репрезентативни чинители за дефинирање на приоритети;
- Јавна консултација на Нацрт-ОЕП со период за коментари (30 дена);
- Јавна презентација на резултатите и планираните мерки;
- Анализа и обработка на добиените коментари и сугестии;

- Усвојување на финалната верзија на ОЕП на Советот на Општина Пехчево.

### 7.4. Планирани активности за информирање и учество

По усвојувањето на ОЕП, планирани се следниве тековни активности:

- Годишен јавен извештај за спроведување на ОЕП;
- Информативни настани за горбнатите мерки пред нивната реализација;
- Отворени денови во Енергетското Советувалиште (1 ден/неделно);
- Обука на вработените во општинската администрација за управување со енергетски проекти;
- Промоција на добри примери преку веб-страната и социјалните мрежи на општината;
- Соработка со основните училишта за едукација на учениците за енергетска ефикасност.

## Прилог 1: Листа на релевантни законски акти и документи

- Закон за енергетика („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/25, 135/25)
- Закон за енергетска ефикасност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20, 110/21, 236/22, 147/24, 74/25 и 193/25)
- Правилник за формата, содржината и методологијата за изработка на ОЕП (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 54/26)
- Законите од областа на животна средина
- Законите од областа на просторно и урбанистичко планирање
- Законите од областа на градење
- ИНПЕК/NECP 2025–2030 (април 2026)
- Директива (ЕУ) 2023/1791 – Енергетска ефикасност (EED recast)
- Директива (ЕУ) 2024/1275 – Енергетски перформанси на zgради (EPBD recast)
- Директива (ЕУ) 2023/2413 (RED II) – Обновливи извори
- Регулатива (ЕУ) 2018/1999 – Governance на Енергетската унија
- Попис на население, домаќинства и станови – Република Северна Македонија 2021 (Државен завод за статистика)

## Прилог 3: Речник на поими

| Поим | Дефиниција |
|---|---|
| Базна линија (Baseline) | Референтна состојба на потрошувачката на енергија во одредена базна година, во однос на која се мерат заштедите и промените. |
| Енергетска ефикасност (ЕЕ) | Намалување на потрошувачката на енергија при ист или подобар квалитет на услугата. |
| Енергетска сиромаштија | Состојба кога домаќинство не може да си дозволи адекватен енергетски стандард поради ниски приходи, високи трошоци |

| | |
|---|---|
| | или неефикасни згради. |
| Обновливи извори на енергија (ОИЕ) | Извори на енергија чиј одржлив потенцијал не се намалува при нивното користење (сонце, ветер, вода, биомаса). |
| PV систем (Фотоволтаичен систем) | Систем кој директно ја конвертира сончевата светлина во електрична енергија преку фотоволтаични панели. |
| ЕСЦО | Компанија за енергетски услуги која ги финансира, дизајнира и имплементира ЕЕ проекти, а трошоците ги наплатува преку гарантираните заштеди. |
| Нето-мерење (Net metering) | Систем при кој вишокот на произведена електрична енергија (n.pr. PV) се испраќа во мрежата и се одбива од потрошувачката. |
| Стакленички гасови (СГ) | Гасови ($CO_2$, $CH_4$, $N_2O$ и др.) кои придонесуваат за т.н. ефект на стаклена градина и климатските промени. |
| Термосанација | Збир на мерки за подобрување на термичките карактеристики на зграда (изолација, прозорци, покрив) со цел намалување на топлинските загуби. |

- .

**Општинскиот Енергетски План за 2027 година е донесен од Советот на Општина Пехчево**

на редовната седница одржана во 2026 година

Претседател на Советот на Општина Пехчево

________________________________

Градоначалник на Општина Пехчево

________________________________

01-717/2
27.05.2026

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти, што советот на општина Пехчево ја донесе на 8-та седница одржана на ден 27.05.2026 година.

Бр. 09-723/10 — Општина Пехчево
27.05.2026 год. — Градоначалник
Пехчево — Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 05/02 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), а во врска со член 23 од Законот за угостителската дејност (Сл.Весник на РМ бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16 и Сл.Весник на РСМ бр. 31/20 и 16/25), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 27.05.2026 година, донесе:

**ОДЛУКА**

**за продолжување на работното време на угостителските објекти**

**Член 1**

Со оваа Одлука се продолжува работното време на угостителските објекти за време од 2 часа подолго од работното време на угостителските објекти определено со член 23 од Законот за угостителската дејност, односно до 03:00 часот наредниот ден.

**Член 2**

Согласно одлуката, продолженото работно време на угостителските објекти, се продолжува за два часа за ден 14.06.2026, за време на одржување на младински фест 2026 година.

Согласно оваа одлука, продолженото работно време на угостителските објекти, се продолжува за два часа и за деновите 10.07.2026, 11.07.2026 и 12.07.2026 година, за време на одржување на Фестивалот на дувачки оркестри – Пехчевски павловден 2026 година.

**Член 3**

Одлуката да се достави до надлежните инспекциски служби, МВР, градоначалникот и архивата на општина Пехчево.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр. 08-718/1 — Совет на општина Пехчево
27.05.2026 год. — Претседател
Пехчево — Миле Гошевски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за усвојување на измена на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Пехчево за 2026 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на измена на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Пехчево за 2026 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 8-та седница одржана на ден 27.05.2026 година.

Бр. 09-723/11 Општина Пехчево
27.05.2026 год. Градоначалник
Пехчево Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 62 став 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021) и Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за степенот на уредувањето на градежно земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост („Службен весник на РМ“ бр.193/16 и 72/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.16/22), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 27.05.2026 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за усвојување на измени на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Пехчево за 2026 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево ги усвојува измените на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Пехчево за 2026 година.

**Член 2**

Измените на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Пехчево за 2026 година, се составен дел на оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр. 08-719/1 Совет на општина Пехчево
27.05.2026 год. Претседател
Пехчево Миле Гошевски с.р.

---

Врз основа на член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), а во врска со член 95 став 1 и член 96 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ“ бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на РСМ“ бр. 275/19, 224/24, 233/24 и 87/25), и во врска со Правилник за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост („Службен весник на РМ“ бр.193/16 и 72/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.16/22) и член 30 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Пехчево („Службен гласник на општина Пехчево“ бр. 03/2021) Советот на Општина Пехчево на седницата одржана 27.05.2026 година донесе:

# ИЗМЕНА НА ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО ЗА 2026 ГОДИНА

## Член 1

Се врши измена на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Пехчево за 2026 година, со бр. 01-1456/1 од 23.12.2025 год. донесена од Советот на Општина Пехчево.

## Член 2

Во точка 3.9 – Начин на пресметување за одредување надоместок за уредување на градежно земјиште, точка (1), подточка 3. Други објекти:

- Алинејата 2 „спортски покриени објекти од 0,5 се менува во 0,1“
- Алинејата 3 „спортски откриени објекти од 0,3 се менува во 0,1“
- Алинејата 6 „базени од 0,2 се менува во 0,1“
- Алинејата 7 „трафостаници над 35 kv од 1,0 се менува во 0,1“

Во точка 4 Определување на цена на градежно земјиште при решавање на имотно правни односи за потребите за уредување на градежно земјиште, подточка 4.2 Надомест за трошоци за извршени прекопи и надзор на јавни прометни површини(коловози, тротоари, плоштади и зелени површини) за поставување мрежи и водови за пренос на електрична енергија, електронски комуникациски мрежи, водоводни и канализациони мрежи и други, цената од 1.500,00 се менува во 600,00 денари/м2.

## Член 3

Останатите одредби од Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Пехчево за 2026 година, со бр. 01-1456/1 од 23.12.2025 год. донесена од Советот на Општина Пехчево, останувaат исти.

## Член 4

Овие измени влегуваат во сила со денот на донесувањето и ќе се објават во “Службен Гласник на општина Пехчево”

Бр. 01-719/2 — Совет на општина Пехчево
27.05.2026 год. — Претседател
Пехчево — Миле Гошевски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за прифаќање на иницијатива за отпочнување на постапка за изработка на Урбанистичко планска документација Урбанистички Проект вон опфат на Урбанистички план, со намена А4.7 – Традиционални куќи за потреби на туризмот**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за прифаќање на иницијатива за отпочнување на постапка за изработка на Урбанистичко планска документација Урбанистички Проект вон опфат на Урбанистички план, со намена А4.7 – Традиционални куќи за потреби на туризмот, што советот на општина Пехчево ја донесе на 8-та седница одржана на ден 27.05.2026 година.

Бр. 09-723/12 Општина Пехчево
27.05.2026 год. Градоначалник
Пехчево Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 39, а во врска со член 62 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ“ бр. 32/20, 111/23, 171/24 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25) и Програмата за изработка на урбанистички планови за 2026 година на подрачјето на Општина Пехчево, со бр. 01-1453/1 од 23.12.2025 год, одлука донесена од Совет на Општина Пехчево, а по поднесеното барање од ЉУПЧО ДОНЧЕВСКИ од Делчево, примено во Општина Пехчево под број 11-506/1 од 07.05.2026год., за изработка на Урбанистички Проект вон опфат на Урбанистички план, за градби со намена А4.7 – Традиционални куќи за потреби на туризмот со најмногу 3 станбени единици, на КП 2246/1, КП 2246/2, КП 2247, КП 2264, КП 2267 и КП 2270 КО Панчарево, општина Пехчево, Советот на Општина Пехчево на седницата одржана на ден 27.05.2026 год, донесе:

**О Д Л У К А**
**за прифаќање на иницијатива за отпочнување на постапка за изработка на Урбанистичко планска документација Урбанистички Проект вон опфат на Урбанистички план, со намена А4.7 – Традиционални куќи за потреби на туризмот со најмногу 3 станбени единици, на КП 2246/1, КП 2246/2, КП 2247, КП 2264, КП 2267 и КП 2270 КО Панчарево, општина Пехчево,**

**Член 1**

Со оваа одлука се прифаќа иницијативата за изработка на Урбанистички Проект вон опфат на Урбанистички план, со намена А4.7 – Традиционални куќи за потреби на туризмот со најмногу 3 станбени единици, на КП 2246/1, КП 2246/2, КП 2247, КП 2264, КП 2267 и КП 2270 КО Панчарево, општина Пехчево, што е надвор од планскиот опфат за УДНМ Панчарево и за предметните катастарски парцели нема донесено никаква друга урбанистичко планска документација.

**Член 2**

Се задолжува Одделението за урбанизам, согласно Законот за урбанистичко планирање, да отпочне со постапка за изработка на Урбанистички Проект вон опфат на Урбанистички план, со намена А4.7 – Традиционални куќи за потреби на туризмот со најмногу 3 станбени единици, на КП 2246/1, КП 2246/2, КП 2247, КП 2264, КП 2267 и КП 2270 КО Панчарево.

**Член 3**

Сите трошоци потребни за изработка на урбанистичко планската документација ќе ги финансира барателот ЉУПЧО ДОНЧЕВСКИ од Делчево, како заинтересирана странка согласно член 40, став 4 од Законот за урбанистичко планирање, а по потреба може да се склучи посебен договор за финансирање, помеѓу инвеститорот и Општина Пехчево.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Пехчево.

Бр. 08-720/1<br>27.05.2026 год.<br>Пехчево

Совет на општина Пехчево<br>Претседател<br>Миле Гошевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за давање на времено користење**
**недвижна ствар - просторија на ОЈУДГ „7 Септември„ во с.Црник**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за давање на времено користење недвижна ствар - просторија на ОЈУДГ „7 Септември„ во с.Црник, што советот на општина Пехчево ја донесе на 8-та седница одржана на ден 27.05.2026 година.

Бр. 09-723/13 — Општина Пехчево
27.05.2026 год. — Градоначалник
Пехчево — Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02 и Сл Весник на РСМ бр.202/24) и член 30 став 1 точка 30 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 27.05.2026 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за давање на времено користење недвижна ствар**
**- просторија на ОЈУДГ „7 Септември„ во с.Црник**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево дава на времено користење недвижна ствар - просторија на ОЈУДГ „7 Септември„ во с.Црник, опишан во КП бр. 3685/1 КО Пехчево, ИЛ бр. 640 ,површина 48$м^2$ на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево.

**Член 2**

Недвижната ствар се дава на користење без надомест, за време од 3 (три) години од денот на стапување во сила на оваа одлука.

**Член 3**

Начинот на користењето и управувањето ќе биде уредено со договор помеѓу општина Пехчево и ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево, согласно оваа Одлука.

**Член 4**

Се задолжува ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево, домаќински да се грижи за просториите во наведениот период. Доколку се забележи недомаќинско управување, општина Пехчево има право веднаш да го раскине договорот со ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево.

**Член 5**

Доколку во меѓувреме општина Пехчево има приоритет од предметната недвижност, или истата се користи за друга цел, различна од таа во договорот, истата може да се одземе и пред истекот

на периодот за кој е дадена на користење, со писмено известување за испразнување на просториите веднаш, а најдоцна за 3 (три) дена.

**Член 6**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр. 08-721/1
27.05.2026 год.
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Миле Гошевски с.р.

---

**С О Д Р Ж И Н А:**


1. Јавен повик за пријавување на лица за член на управен одбор во ЈКП „Комуналец„ - Пехчево ____________________________________________3;
2. Одлука за формирање комисија за селекција за проверка на податоци по јавен повик за членови на управен и надзорен одбор во ЈКП „Комуналец„ - Пехчево __________________ 6;
3. Одлука за редовно ажурирање на „Процена на загрозеност на подрачјето на општина Пехчево од сите ризици и опасности„ ______________________________8;
4. Одлука за определување на висината на надоместокот за добивање лиценца за вршење угостителска дејност во кабаре, ноќен бар, дискоклуб и дискоклуб на отворен простор ____9;
5. Одлука за давање согласност на годишен план за вработување во ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за 2027 година ______________________________ 11;
6. Одлука за усвојување на Иницијатива за изготвување на Локален акционен план за животна средина (ЛЕАП) на Општина Пехчево ____________________________ 22;
7. Одлука за усвојување на тримесечен извештај за финансиското работење на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за период од 01.01.2026 год. до 31.03.2026год _______________ 24;
8. Одлука за усвојување на општински енергетски план на општина Пехчево за 2027 година ____________________________________________30;
9. Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти _______________ 58;
10. Одлука за усвојување на измена на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Пехчево за 2026 година _________________________59;
11. Одлука за прифаќање на иницијатива за отпочнување на постапка за изработка на Урбанистичко планска документација Урбанистички Проект вон опфат на Урбанистички план, со намена А4.7 – Традиционални куќи за потреби на туризмот __________________61;
12. Одлука за давање на времено користење недвижна ствар - просторија на ОЈУДГ „7 Септември„ во с.Црник ______________________________ 63;